Јавно претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА-ГАС
Бр. 01-86/1
26.02 20 24 год.
Струмица



# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО*

# *НА ЈПЕД СТРУМИЦА – ГАС*

## *од I – XII месец 2023 год*

*Февруари, 2024*

**Општи информации**

Јавното претпријатие за енергетски дејности "СТРУМИЦА-ГАС" – Струмица, ул. 24ти Октомври бр. 2 е основано со одлука на Советот на општина Струмица на седницата одржана 26.04.2010 година, со една единствена цел да ја отпочне и заврши гасификацијата на Струмица. Во одлуката за основање на истото како главни дејности од јавен интерес се наведени

- дистрибуција на природен гас;
- управување со системмот за дистрибуција на природен гас;
- снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас;
- производство на топлинска енергија;
- дистрибуција на топлинска енергија;
- снабдување со топлинска енергија;
- дистрибуција на геотермална енергија;
- снабдување со геотермална енергија и
- производство на енергија од обновливи извори.

**Извештај за работењето**

Работата во Јавното претпријатие за енергетски дејности "СТРУМИЦА-ГАС" – Струмица во првиот квартал од 2023 година (Јануари – Март) се одвиваше во согласност програмата за работа за 2023 година.

Снабдувањето со природен гас на потрошувачите приклучени на гасоводниот систем се одвиваше нормално и без никакви проблеми.

Секојдневно се следеше потрошувачката на природен гас, работата на декомпресорската станица заедно со сите пропратни уреди, се асистираше при истоварувањето на полните и втоварувањето на празните МАТ модули од камионот на платформите за истовар.

Се вршеа редовни контроли на мерно регулаторните станици кај приклучените потрошувачи на природен гас, како и посети на истите, при кои посети се водеа

разговори со корисниците за нивното искуство и им се помагаше со совети за побезбедно и поекономично користење на уредите за природен гас.

Во месец февруари е извршено проширување на секундарна гасоводна дистрибутивна мрежа на улица "Гоце Делчев" за приклучување на 1 (еден) стопански објект.

Повисоките температури од вообичаените за тој период во однос на минатите години доведедоа до намалена потрошувачка на природен гас од страна на домаќинствата, од кои мал дел целосно ја прекинаа потрошувачката на природен гас.

ЈПЕД Струмица-Гас Струмица за периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година има продадено вкупно 430.005 Nm3 природен гас.

По завршување на грејната сезона во која што потрошокот на гас е најголем беа проверени инсталираните мерно регулаторни станици кај јавните институции и поголемите потрошувачи. Се вршеа редовни контроли и проверка на нашата инсталирана опрема и се вршеше редовна дистрибуција и снабдување со природен гас на домаќинствата и стопанските објекти кои што го користат истиот за технолошки потреби.

Во третиот квартал од 2023 година немаше изградба на нови делници на дистрибутивната гасоводна мрежа. Во овој период беа реализирани два нови приклучоци на дистрибутивната гасоводна мрежа во категоријата на домаќинство.

Нормално и без никакви проблеми се одвиваше снабдувањето со природен гас на сите потрошувачи. Секојдневно се следеше потрошувачката на природен гас, работата на декомпресорската станица заедно со сите пропратни уреди и се вршеа редовни контроли на мерно регулаторните станици кај приклучените потрошувачи на природен гас и целокупната вградена опрема.

Пред почетокот на грејната сезона во месец Октомври се извршија редовни контроли на мерно-регулаторни станици како и на останатата опрема во котларите во училиштата, градинките и другите објекти под локална самоуправа кои се приклучени на дистрибутивната гасоводна мрежа и го користат природниот гас како енергенс за греење. Поточно беше извршена проверка на сета вградена опрема во

мерно-регулаторните станици како филтри, регулатори на притисок, мерачи на проток на гас, вентили.

И во четвритот квартал од 2023 година снабдувањето со природен гас на потрошувачите приклучени на гасоводниот систем се одвиваше редовно и без никакви проблеми. Секојдневно се следеше потрошувачката на природен гас, работата на декомпресорската станица заедно со сите пропратни уреди. Редовно се вршеа контроли на мерно регулаторните станици кај приклучените потрошувачи на природен гас, а се остваруваа и контакти со корисниците при што се водеа разговори за нивното искуство и им се помагаше со совети за побезбедно и поекономично користење на уредите за природен гас.

Во овој четврт кваратал од 2023 година, просечната цена на природниот гас беше за 34% пониска во однос на просечната цена за истиот период од претходната 2022 година и со субвенцијата од 10 ден./m³ што ја исплаќа општина Струмица, оваа цена на природниот гас беше приближно еднаква со цената од месец Декември 2021 година, пред почетокот на светската енергетска криза.

Ова придонесе добар дел од корисниците на природниот гас, кои за време на енергетската криза гасот го заменија со друг енергенс, повторно да го навратат кон природниот гас како енергенс за загревање на своите домови.

И покрај зголемениот број на корисници на природниот гас во оваа 2023 година беа продадени вкупно 750.614 Nm³ природен гас, количина која е помала во однос на претходните години. Оваа намалена потрошувачка на природен гас се должи на зголемента цена на природниот гас во првиот квартал од 2023 година, а во голема мерка и на високите дневни температури на воздухот во првите месеци од годината и особено во овој четврт квартал (Октомври, Ноември, Декември 2023), кои се далеку над просечните температури за овие месеци, поради што грејната сезона оваа 2023 година реално започна во месец Ноември.

**Краток преглед на извештајот за финансиско работење на ЈПЕД СТРУМИЦА-ГАС Струмица за 2023 год**

| | ОПИС | 2023 | |
|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНО ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ (1.1+1.2)** | | **54.745.065** |
| 1.1 | **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (1.1.1+1.1.2+1.1.3+1.1.4)** | | **53.840.837** |
| 1.1.1 | Приходи од продажба на гас | 43.012.452 | |
| 1.1.2 | Приходи од приклучоци | 221.241 | |
| 1.1.3 | Приходи од субвенции | 10.607.012 | |
| 1.1.4 | Останати приходи од работењето | 132 | |
| 1.2 | **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (1.2.1 )** | | **904.228** |
| 1.2.1 | Приходи врз основа на камата | 904.228 | |
| 2 | **ВКУПНО РАСХОДИ (2.1+2.2)** | **55.512.587** | |
| 2.1 | **РАСХОДИ РАБОТЕЊЕТО (2.1.1+2.1.2+2.1.3+2.1.4+2.1.5+2.1.6+2.1.7)** | **55.022.656** | |
| 2.1.1 | **Трошоци за суровини и материјали (2.1.1.1+2.1.1.2+2.1.1.3+2.1.1.4+2.1.1.5+2.1.1.6+2.1.1.7+ 2.1.1.8 )** | **785.331** | |
| 2.1.1.1 | Трошоци за потрошен канцелариски материјал | | 33.322 |
| 2.1.1.2 | Трошоци за потрошени материјали (славина, штопна држачи, катанец, платно за покривање цевки,, средства за прскање трева,спојка, вентил, шајбна,стега,платно за подлога,чешма,вентил,утикач, кабел филтер за агрегат и сл.) | | 14.928 |
| 2.1.1.3 | Трошоци за средства за чистење | | 28.229 |
| 2.1.1.4 | Потрошен гас за сопствени потреби | | 407.617 |
| 2.1.1.5 | Трошоци за електрична енергија | | 132.223 |
| 2.1.1.6 | Трошоци за гориво за службено возило, гориво за генератор и моторно масло за службено возило | | 143.192 |
| 2.1.1.7 | Потрошени резервни делови (филтер за гориво, за масло, предна и десна маша, чаура, спона, каиш, диск плочки) | | 17.860 |
| 2.1.1.8 | Трошоци за ситен инвентар и авто гуми | | 7.960 |
| 2.1.2 | **Набавна вредност на продадени стоки (2.1.2.1)** | **41.433.447** | |
| 2.1.2.1 | Набавна вредност на продадени стоки-гас | | 41.433.447 |
| 2.1.3 | **Услуги со карактер на материјални трошоци (2.1.3.1 + 2.1.3.2 +2.1.3.3 +2.1.3.4 +2.1.3.5 +2.1.3.6 + 2.1.3.7+2.1.3.8+2.1.3.9)** | **2.119.988** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.1.3.1 | Трошоци за ПТТ-услуги | | 113.430 |
| 2.1.3.2 | Трошоци за обезбедување на декомпресиска станица | | 1.740.696 |
| 2.1.3.3 | Трошоци за извршени услуги за сервис и одржување на основни средства (службено возило и опрема) | | 26.564 |
| 2.1.3.4 | Трошоци за комунални услуги | | 66.472 |
| 2.1.3.5 | Трошоци за ИТ услуги | | 18.667 |
| 2.1.3.6 | Трошоци за регистрација на службено возило | | 6.910 |
| 2.1.3.7 | Трошоци за огласување на работни места,финансиски извештаи , објавување на тендери, објавување на донесена Одлука за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулирана дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас и сл. во електронски и печатени медиуми | | 106.081 |
| 2.1.3.8 | Трошоци за вагање гас | | 31.771 |
| 2.1.3.9 | Трошоци за останати услуги( перење на слуижбено возило, контрола на ПП апарат, сервис на атмосферски пламеник и мерење на параметри на согорување со инструмент, демонтажа и монтажа) | | 9.397 |
| 2.1.4 | **Останати тошоци од работењето (2.1.4.1+2.1.4.2+2.1.4.3+2.1.4.4+2.1.4.5+2.1.4.6+2.1.4.7+ 2.1.4.8+2.1.4.9+ 2.1.4.10+2.1.4.11+ 2.1.4.12 + 2.1.4.13)** | **620.962** | |
| 2.1.4.1 | Трошоци за паушал на членови на управен и надзорен одбор | | 207.779 |
| 2.1.4.2 | Трошоци за банкарска провизија | | 189.786 |
| 2.1.4.3 | Репрезентативни трошоци з( угостителски услуги, трошоци за бифе и новогодишни честитки | | 68.169 |
| 2.1.4.4 | Трошоци за осигурување на службено возило | | 6.698 |
| 2.1.4.5 | Трошоци за чланарини | | 18.400 |
| 2.1.4.6 | Трошоци за комунални и административни такси | | 10.182 |
| 2.1.4.7 | Трошоци за барања за ставање во употреба на техничка опрема | | 15.500 |
| 2.1.4.8 | Трошоци за Регулаторна Комисија за енергетика за законска стапка за надоместок од вкупен приход | | 31.258 |
| 2.1.4.9 | Трошоци за домен на веб страна | | 699 |
| 2.1.4.10 | Трошоци за централен регистар | | 2.612 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.1.4.11 | Трошоци за дигитални сертификати | | 7.141 |
| 2.1.4.12 | Трошоци за претплата на консултации во областа на право и сметководство | | 29.405 |
| 2.1.4.13 | Трошоци за договор на дело | | 33.333 |
| 2.1.5 | **Трошоци за вработените (2.1.5.1+2.1.5.2+2.1.5.3+2.1.5.4+2.1.5.5+2.1.5.6+ 2.1.5.7+2.1.5.8)** | **4.963.329** | |
| 2.1.5.1 | Плата и надоместоци од плата(нето) | | 3.128.764 |
| 2.1.5.2 | Трошоци за даноци на плата и надоместоци од плата | | 239.274 |
| 2.1.5.3 | Придонеси од задолжително социјално осигурување | | 1.309.793 |
| 2.1.5.4 | Надомест за вработените (трошоци за службено патување – гориво, паркинг и патарина) | | 41.670 |
| 2.1.5.5 | Регрес за годишен одмор | | 190.000 |
| 2.1.5.6 | Трошоци за новогодишни пакетчиња | | 4.977 |
| 2.1.5.7 | Систематски прегледи за вработените | | 4.800 |
| 2.1.5.8 | Трошоци за усовршување на вработените | | 44.051 |
| 2.1.6 | **Амортизација на материјални и нематеријални средства(2.1.6.1)** | **4.804.343** | |
| 2.1.6.1 | Амортизација на материјални и нематеријални средства | | 4.804.343 |
| 2.1.7 | **Останати расходи од работењето (2.1.7.1)** | **295.256** | |
| 2.1.7.1 | Загуби од гас (од испуштање на гас во воздух при полнење на новоизградена гасоводна мрежа,при задолжителна проверка на МРС кај сите потрошувачи,при промена на филтри ,при сервисирање на декомпресиска станица) и останати финансиски расходи | | 295.256 |
| 2.2 | **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (2.2.1)** | **489.931** | |
| 2.2.1 | Расходи врз основа на камата и останати финансиски расходи | | 489.931 |
| 3 | **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ<br>Загуба за деловна година<br>Вкупни приходи-Вкупни расходи (1-2)** | | **-767.522** |

**Прилог кон табелата:**

## ПРИХОДИ

**Вкупните приходи на ЈПЕД Струмица-Гас за период од 01.01.2023-31.12.2023 година изнесуваат 54.745.065 денари .**

Приходите од продажба на гас и приходите остварени по основ на приклучоци се искажани според објективната вредност на примените парични средства или побарувања, намалени за данокот на додадена вредност.

Приходот од фактурирањето е искажан во моментот кога договорената услуга е извршена или кога стоката е целосно предадена согласно МСФИ за МСЕ оддел 23 и МСС 18.

**Приходите од работењето на ЈПЕД Струмица-Гас во 2023 година** изнесуваат 53.840.837 денари и истите ги сочинуваат :

- Приходи од продажба на гас – 43.012.452 денари
- Приходи од приклучоци – 221.241 денари,
- Приходи од субвенции – 10.607.012 денари,
- Останати приходи - 132 денари

**Финансиските приходи** изнесуваат 904.228 денари и истите ги сочинуваат:

- Приходи врз основа на камата – 904.228 денари.

Приходите од субвенции се признаени иницијално како разграничени приходи согласно МСФИ за МСЕ .

Според овој стандард субвенциите кои ги надоместуваат трошоците односно кои се искористени за плаќање на тековни трошоци се признаваат како приход во билансот на успех во истите периоди во кои се признати и платени трошоците, а субвенциите кои ја надоместуваат набавната вредност на средствата се признаваат во билансот на успех на систематска основа согласно стапката на амортизација на средствата се до крајот на пресметковниот период.

Согласно пресметката што ја налага МСФИ за МСЕ како приход се признаени 10.607.012 денари, а остатокот е одложен за признавање во наредните години се

додека трае пресметката на амортизацијата за тие средства за кои се искористени субвенциите и истите се акумулирани на контото 294 - ПВР.

## РАСХОДИ

**Вкупните расходи на ЈПЕД Струмица-Гас Струмица за период од 01.01.2023 - 31.12.2023 година изнесуваат 55.512.587 денари.**

Расходите се прикажуваат врз принципот на пресметковна основа. Вредноста на набавката, односно цената на чинење на стоките и услугите се признава како расход во моментот на остварувањето на приходот од нивната продажба (принцип на судирање).

Вкупните расходи на ЈПЕД Струмица-Гас се состојат од следниве видови на трошоци:

**Трошоци на суровини и материјали во износ од 785.331 денари.**

Според правилникот за водење на сметководство (Службен весник на РМ" бр. 159/09, 164/10 и 107/11) во ова АОП влегуваат следниве трошоци:

- Трошоци за потрошен канцелариски материјал – 33.322 денари,
- Трошоци за потрошени материјали – 14.928 денари,
- Трошоци за средства за чистење – 28.229 денари,
- Потрошен гас за сопствени потреби – 407.617 денари,
- Трошоци за електрична енергија – 132.223 денари,
- Трошоци за гориво за службено возило, гориво за генератор и моторно масло за службено возило – 143.192 денари,
- Потрошени резервни делови – 17.860 денари,
- Трошоци за ситен инвентар и авто гуми - 7.960 денари.

**Набавната вредност на продадените стоки - компресиран природен гас е во износ од 41.433.447 денари.**

ЈПЕД Струмица-Гас во 2023 година има почетно салдо на количина од 47.285 Nm3. Во текот на 2023 година има набавено вкупно 783.514 Nm3 гас. Од вкупно набавената количина, 750.614 Nm2 се фактурирани на приклучените потрошувачи, 7.412 Nm3 се потрошени за сопствени потреби , 5.350 Nm3 се остварени загуби. На ден 31.12.2023 залихата на природен гас изнесува 67.423 Nm3 .

**Услуги со карактер на материјални трошоци во износ од 2.119.988денари во кои влегуваат:**

- Трошоци за ПТТ услуги – 113.430 денари,
- Трошоци за обезбедување на декомпресиска станица – 1.740.696 денари,
- Трошоци за извршени услуги за сервис и одржување на основни средства – 26.564 денари,
- Трошоци за комунални услуги – 66.472 денари,
- Трошоци за ИТ Услуги -18.667 денари,
- Трошоци за регистрација на службено возило – 6.910 денари,
- Трошоци за огласување на работни места, финансиски извештаи, објавување на тендери, објавување на Одлука од РКЕ и сл. – 106.081 денари,
- Трошоци за вагање гас- 31.771 денари,
- Трошоци за останати услуги- 9.397 денари.

**Останати трошоци од работењето во износ од 620.962 денари во кои влегуваат:**

- Трошоци за паушал на управен и надзорен одбор – 207.779 денари,
- Трошоци за банкарска провизија – 189.786 денари,
- Репрезентативни трошоци (угостителски услуги, трошоци за бифе и новогодишни честитки) – 68.169 денари,
- Трошоци за осигурување на службено возило – 6.698 денари,
- Трошоци за членарини – 18.400 денари,
- Трошоци за комунални и административни такси – 10.182 денари,
- Трошоци за барање за ставање во употреба на техничка опрема- 15.500 денари,
- Трошоци за РКЕ за законска стапка од вкупен приход – 31.258 денари,
- Трошоци за домен - 699 денари,
- Трошоци за централен регистар – 2.612 денари,
- Трошоци за дигитални сертификати – 7.141 денари,
- Трошоци за претплата на консултации во областа на право и сметководството – 29.405 денари,
- Трошоци за договор на дело- 33.333 денари.

**Трошоци за вработените во износ од 4.963.329**

- Нето плата – 3.128.764 денари,
- Трошоци за даноци на плата и надоместоци од плата – 239.274 денари,
- Придонеси за задолжително социјално осигурување – 1.309.793 денари,
- Надомест за вработените ( трошоци за службено патување - гориво, паркинг и патарина) – 41.670 денари,
- Регрес за годишен одмор – 190.000 денари,
- Трошоци за новогодишни пакетчиња – 4.977 денари,
- Систематски прегледи за вработените – 4.800 денари,
- Трошоци за усовршување на вработените – 44.051 денари.

**Амортизација на материјални и нематеријални средства – 4.804.343 денари.**

Амортизацијата на нетековните материјални средства (недвижности, постројки и опрема) и на нематеријалните средства се пресметува пропорционално, со цел набавната вредност на средствата целосно да се отпише во нивниот проценет корисен век. Амортизацијата на недвижностите, постројките и опремата и на нематеријалните средства се врши според стапки пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација за обврзници на данок на добивка (правни лица) и обврзници на данок на доход (трговци поединци и самостојни вршители на дејност).

Пропишаните годишни стапки на амортизација што се користат за одделните групи на недвижности и опрема и нематеријални средства се како што следува:

| | |
|---|---|
| **Недвижности** | 2,5% |
| **Мебел** | 20% |
| **Компјутерска опрема и софтвер** | 20% |
| **Постројки и опрема** | 2,5-20% |
| **Транспортно средство** | 20% |
| **Нематеријални средства** | 20% |

Амортизацијата на недвижности, постројки и опрема и на нематеријални средства започнува да се пресметува со ставање на средствата во употреба.

**Останати расходи од работењето – 295.256 денари. Овде влегуваат следниве видови на трошоци:**

- Загуби од гас и останати финансиски расходи– 295.256 денари.

**Финансиски расходи во износ од 489.931 денари** и тоа:

- Расходи врз основа на камата – 489.931 денари,

Финансискиот резултат претставува разлика помеѓу приходите и расходите.

Во 2023 година ЈПЕД Струмица-Гас Струмица покажа финансиски резултат – Загуба во износ од **767.522** денари.

ЈПЕД „Струмица – Гас“
Струмица